Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

## Извадок на дел од дневни настани 08.10.2021

На 07.10.2021 во 18.40 часот на ул.„Даме Груев" во Неготино, полициски службеници од Полициската станица Неготино ги лишиле од слобода В.К.(32) и Д.К.(59), двајцата од Неготино. При претрес во нивниот дом и помошни простории, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и пари. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (08.10.2021) во с.Банско, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица и Одделот за криминалистичка полиција при МВР го лишиле од слобода И.Р.(49) од с.Банско. При претрес во неговиот дом и помошни простории, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2021 во 11.10 часот на ул.„Челопек" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го лишиле од слобода В.К.(34) од Скопје. Тој бил затекнат веднаш по извршување кривично дело разбојништво во продажен објект на ул. „Челопек", при што со закана со пиштол од сопственикот одзел пари, а откако пристигнале полициски службеници им се заканил со пиштол. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 237 од Кривичниот законик.

На 07.10.2021 во 15.00 часот на ул.„11 Октомври" во Скопје, полициски służебници од Полициската станица Центар лишиле од слобода малолетник од Скопје, кој бил затекнат при извршување кражба во продажен објект. Тој бил приведен во полициска станица и во присуство на родител со него бил извршен разговор и му биле одземени пари кои потекнуваат од кривично дело. За настанот бил известен Јавен обвинител и Јавната установа центар за социјални работи Скопје, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2021 во 16.20 часот на граничниот премин „Табановце", полициски службеници го привеле З.М.(61) од с.Боговиње, тетовско, затоа што по извршена пасошка контрола било констатирано дека во службената евиденција е предмет на потрага по телеграма од Сектор за меѓународна полициска соработка-Одделение за потраги. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Тетово за понатамошна постапка.

На 07.10.2021 во 17.30 часот на граничниот премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода У.Ѓ.(63) од Битола, затоа што по извршена пасошка контрола било констатирано дека во службената евиденција е со мерка „апси" издадена од СВР Битола, Одделение за потраги. Лицето е предадено на полициски службеници од Единица за интервентна полиција при СВР Скопје за спроведување во Затвор Битола.

На 07.10.2021 во 15.20 часот во Полициската станица Кисела Вода, П.М.(20) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

На 07.10.2021 СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 26 мерки, меѓу кои 9 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 8 за управување возило без возачка дозвола, 5 за нерегистирани возила, 3 за управување возило под дејство на алкохол и 1 за некористење сигурносен појас.

На 07.10.2021 во 10.20 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на магистралниот пат Делчево -Штип, во близина на с.Тркање, патничко возило „пежо", со кочански регистарски ознаки, управувано од М.Б.(48) од Кочани, излетало од коловозот. Возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Јавната здравствена установа Кочани. Извршен бил увид на местото на несреќата од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 07.10.2021 во 15.15 часот во СВР Скопје, А.Г.(37) од Скопје пријавила дека на бул. „Јане Сандански" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 07.10.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 11 мерки, од кои 7 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 4 за пречекорување на брзината надвор од населено место. Откриени се и 3 други видови прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 07.10.2021 во 14.00 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на регионалниот пат Прилеп-Македонски Брод, на крстосницата кај с.Мажучиште, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел фронтера", управувано од Д.Р.(26) од с.Лажани, прилепско и патничко возило „ауди", управувано од Р.Ф.(37) од с.Десово, прилепско, и двете со прилепски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот во патничкото возило „ауди", Ѓ.Т., а со телесни повреди се здобил возачот од другото возило, Д.Р, констатирани во Градската болница Прилеп. Увид на местото извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

На 07.10.2021 во 19.00 часот во Полициската станица Карпош, О.С.П.(52) од Скопје пријавила дека на ул.„Скупи" била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (07.10/08.10.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 24 прекршоци.

Денеска (08.10.2021), полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во координација со полициски службеници од СВР Скопје - Единица за недозволена трговија со дрога и оружје го лишија од слобода С.Л.(30) од с.Љуботен, скопско. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, бил пронајден и одземен пиштол „Застава М70" калибар 7,65 мм со 12 куршуми. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик.

ОВР Кочани ќе поднесе кривична пријава против О.Ц.(36) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете" по член 201-а од Кривичниот законик. Пријавениот, вработен како обезбедување во основно училиште во Кочани, на 06.10.2021 физички нападнал ученик во училиштето и му нанел повреди. Во врска со настанот бил извршен разговор со О.Ц. и очевидци.

На 08.10.2021 во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода В.С.(37) од Прилеп, затоа што на 07.10.2021 се обидел да изврши кражба во куќата на Д.Т.(35) на ул.,,Пенко Здравкоски" во Прилеп, по што и физички го нападнал. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2021 во 22.30 часот на ул.„Втора македонска бригада", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Х.П.(18) од с.Љубин, скопско, затоа што околу 21.45 часот, по претходна расправија, физички го нападнал Е.К.(45) од Скопје и му нанел повреда со остар предмет. Х.П. се сомничи дека на 06.10.2021 со уште неколку лица физички го нападнал и малолетниот син на Е.К.. По целосно документирање на случајот против Х.П. ќе биде поднесена пријава по член 131 од Кривичниот законик.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пртијава против Ш.Р.(42) од Косово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,бесправна градба". Во периодот од 10.07.2021 до 20.09.2021, на место сопственост на хотел во с.Леуново, општина Маврово и Ростуше, Ш.Р., сопственик на фирма, без одобрение за градба издадено од надлежен орган, започнал изградба на осум објекти – бунгалови од цврста градба.

На 07.10.2021 во 14.30 часот во СВР Скопје, Х.Т.(30) од Република Грција, со престојувалиште во Скопје, пријавил дека околу 09.35 часот на крстосница на подрачјето на Центар, додека управувал возило, бил удрен од друго возило „опел", со скопски регистарски ознаки, по што возачот излегол и физички го нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2021 околу 15.00 часот во СВР Скопје, Ј.З.(22) од Скопје пријавила дека на нејзиното работно место во казино на ул.„Нов живот" во Шуто Оризари била физички нападната од Р.С.(машко лице). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Ј.Д.(44) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривични дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 28.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што имал решение за домашна изолација издадено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

На 07.10.2021 во 21.30 часот во Полициската станица Аеродром, М.П.(35) од Гевгелија, со престој во Скопје, пријавила дека од домот во кој престојуваат се оддалечила нејзината малолетна ќерка М.П.(15). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово и Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесоа кривични пријави против С.Д.(55), Ј.Т. (57), М.А. (47), Ф.Б. (19), Б.И.(65) и Б.С. (66), сите македонски државјани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемијата". Пријавените биле затекнати како без дозвола се движеле за време на забрана за движење на населението.

На 07.10.2021 во Полициската станица Центар, од Јавната установа за згрижување деца било пријавено дека С.Ј.(13) самоволно се оддалечил од придружбата, додека бил спроведуван во установата поради претходно бегство. Тој и претходно во повеќе наврати самоволно ја напуштал установата и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје поднесе кривична пријава против В.Ч.(30), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 19.09.2021 пријавената, на Меѓународен аеродром Скопје, приложила фалсификуван негативен ПЦР тест.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет